**20252284406**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 48 став (13) од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/24 и 160/25), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ВРШИТЕЛИ НА АКВАКУЛТУРА, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ВРШИТЕЛИ НА АКВАКУЛТУРА, КАКО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Во Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на вршители на аквакултура, формата и содржината на образецот на барањето за запишување во Регистарот на вршители на аквакултура, како и потребната документација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 81/25), во член 4 став 1 во алинејата 2 по зборот „планирање" се додаваат зборовите „или договор за снабдување со вода склучен со јавното претпријатие односно комуналното претпријатие".

Член 2

Прилогот 2 се заменува со нов Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 33-6993/3
5 ноември 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.

Прилог 2

БАРАЊЕ

ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ВРШИТЕЛИ НА АКВАКУЛТУРА

| | | |
|---|---|---|
| 1. Податоци за подносителот на барањето | | |
| 1.1. | Име и презиме на физичкото лице или назив на правното лице | |
| 1.2. | Адреса на физичкото лице или седиште на правното лице | |
| 1.3. | Матичен број на граѓанинот на Република Северна Македонија или единствен матичен број на субјектот | |
| 1.4. | Единствен даночен број | |
| 1.5. | Шифра и дејност (за правни лица) | |
| 1.6. | Број и датум на издавање на дозволата за користење на вода / број и датум на договор за снабдување со вода склучен со јавното претпријатие односно комуналното претпријатие | |
| 2. Податоци за површината/капацитетот/објектот за аквакултура | | |
| 2.1. | Број на катастарска парцела | |
| 2.2. | Површина на катастарска парцела во $m^2$ | |
| 2.3. | Место викано | |
| 2.4. | Катастарска општина | |
| 2.5. | Име на вода | |
| 2.6. | Инсталиран капацитет во kg | |
| 2.7. | Видови риби кои се одгледуваат | ☐ виножитна пастрмка |
| | | ☐ речна пастрмка |
| | | ☐ охридска пастрмка |
| | | ☐ крап |
| | | ☐ сом |
| | | ☐ амур |
| | | ☐ толстолобик |
| | | Други видови риби (да се наведе видот)<br>____________________<br>____________________<br>____________________ |
| 3. Податоци за контакт | | |
| 3.1. | Е – пошта | |
| 3.2. | Контакт телефон | |

______________________________

Име и презиме и потпис

на одговорно лице